# ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО

## Рецитал на пијано и флејта

*Expression of colours*

# Невенка Трајкова и Златка Митева

## *Програма*

1.J.S.Bach - Sonata for flute and piano g-minor; 2.B.Martinu-Sonata I mov; 3.S.Prokofiev- Sonata for piano No.3; 4.J.Mouqet –Pan et les Bergers; II pan et les Oiseaux; 5.Ch.M.Widor –Suite op.34 no.1 Andante & Scherzo; 6.John Williams -Theme "Shindler`s list"

*Гостин : Александра Трајкова - пијано*

ОПШТИНА ШТИП

***04.07.2010 - 21.00 часот УГ „Безистен"***

**Невенка Трајкова** е родена во Скопје 1984 год. потекнува од музичка фамилија, а со пијаното се дружи од најрана возраст.
Основно и средно музичко образование завршува во ДМУЦ „Сергеј Михајлов" во Штип ,каде што и живее.
Дипломира и магистрира на одсекот пијано на Националната музичка академија „Панчо Владигеров" - Софија , Р.Бугарија во класата на
Проф.Антон Диков и асс. Елена Дикова.
Во моментот работи како уметнички соработник на УГД Факултет за музичка уметност во Штип.
Покрај многубројните солистички концерти во земјава и странство има настапувано и со најразлични камерни состави и ансамбли низ Македонија, Грција и Бугарија. Настапува со повеќе еминентни музички изведувачи како Кирил Рибарски, Борис Трајанов,Зоран Казаков, Јоргос Георгиу (Кипар) и други.
Учесник е на многу меѓународни и државни натпревари. Добитник на повеќе први награди . Учествува на редица семинари кај истакнати пијанисти како Александар Блох, Тамара Подубнаја, Кетрин Викерс, Марчела Крудели и други.
Разновидноста на корепетиторската дејност го збогатува нејзиниот репертоар и често настапува на сцените низ Македонија и надвор од неа.

***

**Златка Митева**, родена 1980 година во Кочани.
Основно музичко училиште завршува во родниот град, а средното музичко образование го продолжува во ДМУЦ ,, Сергеј Михајлов,, во Штип.
Дипломирала и магистрирала на Националната Музичка Академијата ,,Панчо Владигеров,, во Софија, соседна Бугарија, во класите на професор Лидија Ошавкова – флејта и професорите Велислава Георгиева и проф. Костадин Чилев – камерна музика.
Учесник е на мајсторски курсеви раководени од видни солисти и истакнати педагози како Андраш Адорјан, Патриг Гала, Ашли Соломон, Жерар Бургоњ и др.

Златка Митева е повеќекратен лауреат на државните натпревари во категориите флејта и камерна музика.
Настапувала на фестивали и културни манифестации во Македонија и во Европа, а како солист музицирала со Македонската филхармонија и Штатниот симфониски оркестар во Софија.

Моментално работи како доцент по флејта на Факултет за музичка уметност при УГД – Штип.